Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј”

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ - СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAL

КНИГА 30

Скопје - Skopje
2004 - 2005

Годишен зборник - Филолошки факултет „Блаже Конески“,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,
кн. 30 2005,Скопје, 2005

# ПРОЕКТ ЗА АКАДЕМСКО ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ

**Маргарет РИД, Мира БЕЌАР, Анастазија КИРКОВА-НАСКОВА**

*Целта на овој текст е да даде краток увид во работата на тимот вклучен во Проектот за академско писмено изразување при Катедрата за англиски јазик и книжевност. Понатаму, сижејно се презентирани резултатите постигнати со експрименталната програма спроведена во академската 2004/2005 година. На крајот се разгледуваат можните позитивни ефекти од проектот, како и плановите за иднина.*

Како резултат на повеќегодишното искуство во однос на потребите на студентите по англиски јазик и книжевност да ги подобрат своите вештини за писмено изразување на англиски јазик, Катедрата за англиски јазик и книжевност во соработка со Филолошкиот факултет ´Блаже Конески´ и Британскиот Совет креираа *Проект за академско писмено изразување*. Проектот започна во мај 2004 година и ќе трае до 2007 година. Целта на проектот е да го обучи наставниот кадар при Катедрата да предава писмено изразување во рамките на предметот *Современ англиски јазик*, како и да создаде четиригодишна наставна програма која постепено ќе ги подобрува и зајакнува способностите на студентите за писмено изразување. Во таа насока беше формиран тим од соработници во следниот состав:

Британски Совет
проф. д-р Тереза О´Брајан, визитинг експерт од Велика Британија
Тим Филипс, координатор на проектот до ноември 2004
Даниела Стојанова, координатор на проектот од ноември 2004

Катедра за англиски јазик и книжевност
почесен доктор Маргарет Рид, координатор на проектот до август 2005
Анастазија Киркова-Наскова, помлад асистент, координатор на проектот од септември 2005
Мира Беќар, лектор, координатор за прва година
м-р Емилија Георгиевска, виш лектор, координатор за втора година

м-р Мет Џонс, лектор, координатор за трета година

м-р Тери Калиски, лектор, координатор за четврта година

м-р Билјана Наумоска, лектор, член

м-р Марија Маџар, лектор, член

Румена Бужаровска, надворешен соработник, член

Елена Ончевска, надворешен соработник, член

д-р Андреја Неги и м-р Силвија Шултермандел (2004-2005), поранешни членови.

Во наставната програма предвидено е да се инкорпорираат наставни единици кои ќе им помогнат на студентите успешно да одговорат на барањата на професорите по различни предмети вклучувајќи ги британската и американската книжевност, литературниот и деловно-техничкиот превод и лингвистиката. Исто така, предвидени се и наставни содржини кои се потенцијално интересни и корисни за разновидни работни профили, како и за лична надградба на студентот. Со други зборови, опфатени се видови на текстови кои се корисни за студентите не само во текот на нивното школување туку и во понатамошниот живот и имаат далекусежна употреба. Досега се одржани три семинари со експерт од Велика Британија, проф. д-р Тереза О'Брајан, на кои најпрво беа презентирани најновите сознанија од областа на писменото изразување, а кои потоа беа искористени во наставната програма. На семинарите беа детално анализирани и подготвените материјали од страна на тимот. По завршувањето на секој семинар членовите на тимот и проф. Тереза О'Брајан подготвија извештај за текот и резултатите од семинарите.

Минатата година на часовите по *Современ англиски јазик 1* беше воведено академското писмено изразување како експериментална програма, но веќе од октомври 2005 тоа е составен дел од часовите по *Современ англиски јазик* во сите четири години. Досега во трета и четврта година писмено изразување предаваше почесен доктор Маргарет Рид. Во недостаток на наш обучен кадар за предметот писмено изразување, Катедрата за англиски јазик и книжевност по потреба секогаш ангажирала визитинг професори од Велика Британија и САД.

Наставната програма за прва година е создадена со цел да ги научи студентите да пишуваат параграф осознавајќи ги аспектите на формата, организацијата на сопствените идеи, правописот и стилот. Студентите пишуваат различни видови на текстови - дескриптивни, наративни, неформални писма и слично. На крајот на минатата академска година (мај 2005) студентите пополнија прашалник за оценка на наставната програма и резултатите покажаа дека поголемиот број студенти се чувствуваат посигурни и поподготвени да се изразат писмено и изразуваат желба за повеќе часови по академско писмено изразување. Од резултатите добиени од прашалникот може да се заклучи дека покрај вештините на пишување подобрени се и когнитивните способности на студентите - способностите за разбирање на прочитан текст, сумирање на најважни информации, како и комуникативните вештини. Во втора година на часовите по академско писмено изразување студентите учат да ги поврзуваат параграфите

во есеј и повторно секоја методска единица содржи специфични вештини кои треба да бидат совладани од студентите. Особено внимание се обрнува на само-вреднувањето и вреднувањето на колегите каде улогата на професорот е само да ги насочи студентите при оценувањето на домашните задачи на колегите да ги увидат и сопствените грешки. Интересно е да се напомене дека две групи во прва година беа контролни групи, кои не слушаа настава по писмено изразување. На крајот од годината, истите беа тестирани во однос на нивните сопствени сознанија за пишување на параграф. Добиените резултати јасно ги истакнаа индивидуалните разлики и неоформените знаење притоа потврдувајќи ја потребата од организирано и градирано изучување на писмените вештини.

На последниот семинар одржан во септември 2005 беше изработен нацрт-планот за наставната програма во трета и четврта година чија изработка е во тек. Тука се обрнува внимание на развивање на способноста кај студентите за критичко изразување преку пишување статии и прикази, а исто така и креативното пишување е застапено и вклучува создавање на песна, расказ и дел од сценарио.

Во иднина се планира два члена од тимот да заминат во Манчестер, Велика Британија на дополнително усовршување каде ќе посетуваат семинар за академско писмено изразување и ќе имаат можност да ги разменат искуствата со експерти од оваа област. Тоа ќе допринесе наставниот кадар при Катедрата за англиски јазик и книжевност да се запознае со најновите трендови и методи во областа на академското писмено изразување.

Понатаму, доколку постои интерес, програмата може да се адаптира за секој јазик притоа тимот би можел да ги пренесе своите искуства и знаења и на другите катедри на Филолошкиот факултет 'Блаже Конески' преку одржување на семинари и работилници. Исто така, со оглед на новите измени во наставните содржини за средното образование, се планира истите соодветно да се усогласат со академските, а на наставниците да им се понуди обука од областа на академското писмено изразување.

Како дел од договорот склучен со Британскиот Совет е и формирањето на регионална мрежа со другите универзитети кои нудат курсеви и наставни програми по академско писмено изразување и организирање на семинари и конференции за размена на искуства.

## ЗАКЛУЧОК

Успешното имплементирање на оваа нова наставна програма во прва година покажа дека тимот е способен да креира и применува сопствени наставни програми за обука на студентите за подобро писмено изразување. Сето ова ќе беше невозможно без поддршката на Филолошкиот факултет 'Блаже Конески', Британскиот Совет и ентузијазмот и посветеноста на проф. д-р Тереза Обрајан.